20221141495

ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 56 став 1 точка 3, а во врска со член 32 став 3 од Законот за здравственото осигурување („Службен весник на Република Македонија" број 25/2000, 34/2000, 96/2000, 50/2001, 11/2002, 31/2003, 84/2005, 37/2006, 18/2007, 36/2007, 82/2008, 98/2008, 6/2009, 67/2009, 50/2010, 156/2010, 53/2011, 26/2012, 16/2013, 91/2013, 187/2013, 43/2014, 44/2014, 97/2014, 112/2014, 113/2014, 188/2014, 20/2015, 61/2015, 98/2015, 129/2015, 150/2015, 154/2015, 192/2015, 217/2015, 27/2016, 37/2016,120/2016, 142/2016 и 171/2017 и „Службен весник на Република Северна Македонија бр. 275/2019, 77/2021 и 285/2021), Управниот одбор на Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија, на седницата одржана на 14 април 2022, донесе

ОДЛУКА ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ВИСИНАТА НА УЧЕСТВОТО НА ОСИГУРЕНИТЕ ЛИЦА ВО ВКУПНИТЕ ТРОШОЦИ НА ЗДРАВСТВЕНИТЕ УСЛУГИ И ЛЕКОВИТЕ

Член 1

Во Одлуката за утврдување на висината на учеството на осигурените лица во вкупните трошоци на здравствените услуги и лековите („Сл.Весник бр. 48/2001, 52/2001, 17/2005, 47/2005, 86/2007, 102/2007, 151/2007, 9/2009, 22/2009, 65/2010, 20/2012,26/2012, 54/2012, 98/2013, 138/2014, 156/2014 и 45/2022) во членот 4 став 1 точка 5, се менува и гласи:

„За хемодијализен третман, хемодијафилтрација и перитонеална дијализа..... 1 денар“.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија", а ќе се објави по добивање на согласност од министерот за здравство.

Бр. 02-6009/1
15 април 2022 година
Скопје

Управен одбор
Претседател,
Дејан Николовски, с.р.